РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГИМНАЗИЈА "РАДЕ ЈОВЧЕВСКИ-КОРЧАГИН"
Бр. 08-314/2
06 APR 2026 20_год.
СКОПЈЕ

**СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин"- Скопје**

# ОГЛАС

**За запишување на редовни ученици во I година**

**Во ЈУНСКИОТ УПИСЕН РОК**

**Прво пријавување**

**Во учебната година 2026/2027 година.**

Април, 2026

Скопје

Училишната комисија за упис на ученици во прва година во учебната 2025/26 година на 6.4.2026 година донесе одлука за распишување:

# ОГЛАС

**За запишување на редовни ученици во I година**

**во јунскиот уписен рок, во учебната 2026/2027 г. прво пријавување**

1. **Во I година во учебната 2026/2027г. има слободни 263 места според наставни планови и програма за гимназиско образование**

Во првото пријавување има **263** слободни места за ученици, распоредени во 8 (осум) паралелки во кои наставата се изведува на **македонски јазик и кирилско писмо и тоа:**

**- Гимназиско образование – 204 ученици, 6 (шест) паралелки, 60 поени минимум,**

**- Гимназиско образование – 25 ученици, 1 (една) паралелка, 60 поени минимум (македонско-француска билингвална паралелка)**

**- Гимназиско образование – 34 ученици, 1 (една,) паралелка, 60 поени минимум (паралелка во која се изучува германски јазик со 6 часа неделен фонд)**

**2.** Запишувањето на учениците во СУГС Гимназија "Раде Јовчевски-Корчагин" - Скопје во учебната 2026/2027 година ќе се врши под услови и на начин утврдени со **Законот за средно образование, Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта во учебната 2026/2027 година, на Министерството за образование и наука од 31.03.2026 година**

**3. За запишување на учениците во I година потребни се следните документи:**

- **пријава за запишување** (пријавата учениците можат да ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот на е-услуги)
- **Оригинални свидетелства од VI до IX одделение;**
- **Дипломи** од освоено I, II или III место од меѓународен натпревар и/или освоено I место на државен натпревар **(организирани од акредитирани здруженија на на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерството за образование и наука)**
- **Оригинален извод од матичната книга на родените (без оглед на датумот на издавање)**

**-проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост**

**4. Конкурсни рокови**

Пријавувањето се врши преку електронско аплицирање, преку линк до системот за електронски услуги на Министерство за образование и наука **https://e-uslugi.mon.gov.mk** со специјална најава на средношколци преку **сопствените кориснички сметки на Schools.mk );**

- **ЈУНСКИ УПИСЕН РОК (прво електронско пријавување)**

- Првото електронско пријавување на учениците ќе се врши од **00:00 часот на 12 јуни до 23:59 часот на 15 јуни 2026 година.**.
- Доставувањето на потребната документација во училиштето е на **16 јуни 2026 година од 08 до 19 часот и на 17 јуни 2025 година од 08 до 15 часот.**
**- Конечната ранг листа** со резултатите од запишувањето и слободните места, училиштето ја објавува на **18 јуни 2026 година, најдоцна до 12 часот**, на влезот од училиштето и/или на училишната интернет страница.
**- Доколку се пријават повеќе ученици** од првичната предвидена бројка, а притоа имаат ист број поени, во училиштето **ќе се организира квалификациско тестирање на 22 јуни 2026 година**, а конечните листи со резултатите ќе се објават истиот ден, на влезот од училиштето.

**5. Критериуми и услови за избор на ученици**

5.1. За ученици кои основното образование го завршиле во Република Северна Македонија.

5.1.1. Условите за запишување на учениците во прва година се:
- да имаат завршено основно образование;
- да не се постари од 17 години, а ученик со посебни образовни потреби да не е постар од 25 години;
- да се определиле за план и програма за гимназиско образование;
- да ги исполнуваат критериумите утврдени со овој Конкурс.

5.1.2. Критериуми за избор на учениците се:

– среден успех на ученикот од VI до IX одделение;
За средниот успех од VI до IX одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).
За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие:
- За освоена прва награда или златен медал на меѓународен натпревар 5 поени, втора награда или сребрен медал 4 поени и трета награда или бронзен медал 3 поени.

- За освоено место од државни акредитирани натпревари: за I место – 3 поени.

За средна вредност од поените за поведение од VI до IX одделение, ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделен со 4). Утврдениот минимум број поени за првото пријавување е составен дел на овој Конкурс.

- Средниот успех постигнат по четири наставите предмети според изборното подрачје:

| Вид на образование | Задолжителни наставни предмети | Наставни предмети кои се од значење за |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| | | гимназиско образование |
| **Гимназиско образование** | - мајчин јазик<br>- англиски јазик | математика<br>историја |

5.2. За учениците кои завршиле деветто одделение во Република Северна Македонија, а едно, две или три одделенија (VI, VII или VIII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од деветто одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре.

Учениците од ромската етничка заедница можат да се запишат во одредено јавно средно училиште ако имаат до 10% помалку поени од бројот на поените предвидени согласно Конкурсот за соодветните наставни планови и програми и ако ги задоволуваат дополнителните критериуми за испит на знаења и вештини во соодветното училиште.

## 6. Избор и запишување на учениците

- Изборот и запишувањето на учениците се врши врз основа на РАНГ-ЛИСТА, според вкупниот број на поени што се пресметуваат одделно за секој ученик – кандидат.
- Вкупниот број на поени се утврдува според критериумите за избор наведени во точка 5
- Ученикот по сите критериуми утврдени со точка 5 може да добие најмногу 80 поени.

## 7. Критериуми по основ на проверка на знаење

Доколку во училиштето се пријавуваат поголем број на ученици од планираните предвидени во овој конкурс, а кои ги исполнуваат предвидените услови, се организира квалификационо тестирање за гимназиско образование – македонски јазик и математика.

Тестирањето се однесува за сите ученици кои имаат ист број поени и се под и над последниот реден број предвиден за прием согласно конкурсот.

Дополнителните критериуми нема да го менуваат бројот на основните поени туку ќе помогнат во редоследот за рангирањето на учениците за кои ќе се применат дополнителните критериуми.

- Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на датумите наведени во **точка 4 од овој оглас.**

## 8. Упис на ученици во паралелка со билингвална настава

- Во рамките на осумте паралелки од примените ученици, ќе се формира една паралелка со 25 ученици за билингвална настава по програмата за гимназиско образование. Наставата во оваа паралелка на дел од предметите ќе се изведува на Француски Јазик, според планирана динамика.
- Изборот на учениците за билингвална настава ќе се изврши од примените ученици по повој оглас кои се пријавиле да учат во билингвалната паралелка. Доколку на огласот се пријават повеќе од 25 ученици, а според бројот на бодовите се примени во Училиштето на единствената ранг листа, тогаш изборот ќе се изврши со

примена на дополнителен критериум за утврдување на степенот на познавање на Францускиот јазик потребен за следење на наставата , по пат на квалификационо тестирање по француски јазик.
За времето и местото, доколку се организира квалификационо тестирање кандидатите ќе бидат известени на денот на објавување на резултатите од уписот.

**9. Упис на ученици во германска паралелка**

- Во рамките на осумте паралелки од примените ученици, ќе се формира една германска паралелка со 34 ученици. Наставната програма во оваа паралелка предвидува изучување на германскиот јазик со 6 (шест) часа неделен фонд

- Изборот на учениците ќе се изврши од примените ученици по овој оглас, кои се пријавиле да учат во германската паралелка. Доколку на огласот се пријават повеќе од 34 ученици, а според бројот на бодовите се примени во Училиштето на единствената ранг листа, тогаш изборот ќе се изврши со примена на дополнителен критериум за утврдување на степенот на познавање на Германскиот јазик потребен за следење на наставата , по пат на квалификационо тестирање по германски јазик.
  За времето и местото, доколку се организира квалификационо тестирање кандидатите ќе бидат известени на денот на објавување на резултатите од уписот.

**10. Рок за подигнување на документите за незапишаните ученици**

По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа

**11. ИЗВЕСТУВАЊЕ**

- Учениците кои го завршиле основното образование во странство треба да доставаат нострифицирани документи.
- Некомплетни или неисправни документи нема да се примат
- За примените документи се издава потврда (евидентен број) за извршен прием
- За информации учениците, односно родителите или старателите може да се обратат кај секретарот на училиштето на тел. 02 3115 – 116 .

**Претседател на училишната комисија**

**за упис на ученици**

**Директор**

**м-р Елена Стојанова-Димитров**